Архивски број: 08 - 418/4
Датум: 05.07.2024

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 418/1 од 23.05.2024 година, поднесена од [redacted], со седиште на ул. [redacted], против Васко Неделковски, за заштита од дискриминација врз основа родов идентитет и сексуална ориентација во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на родов идентитет и сексуална ориентација во областа на јавно информирање и медиуми од страна на [redacted] кон сексуалните и родови малцинства.

## Образложение

На 23.5.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка од страна [redacted] против [redacted] за сторена дискриминација врз основа на родов идентитет и сексуална ориентација во областа на јавно информирање и медиуми.

Согласно изнесеното во претставката, се работи за објава од страна на [redacted] на неговиот профил на социјалната мрежа Facebook, која според подносителите е дискриминирачка. Конкретната објава е со следната содржина: *„Vo skolo vo karpos 4 PETAR POP ARSOV dete od 7 – 8 godini masko se oblaka kako zensko I imalo momce seto toa dozvoleno od negovite roditeli koi istive se zakanuvale na nastavnickite ako reagirale za detevo DO KADE STIGNAVME CCCCC“.* Кон објавата е прикачена слика која изразува силен хомофобичен симболизам, на татко кој го заштитува неговото семејство од медиумско ЛГБТИ влијание. Видно од објавата, под неа се наведени следните коментари од различни профили на социјалната мрежа: *„Не знаат кому му служат“, „Blisku sme do Evropa“, „Epa neka ne reagiraat nastavnicite nego lugjeto roditelite na drugite deca pamoze i ke ima rezultat picmajcinpederska“, „Sugurno roditelite mu se pederi deteto posvoeno“, „Znaci ke so imaat zet za 20godini, sovrseno oprani mozoci“, „Sotonata da go unisti toa semejstvo takvi ne zasluzuvaat da ja gazat zemjava“, „Законот на Византија за нив. Јустинијан јасно напишал за тие работи“ и „Da mu ebam i m...i t.... se epobudaleno“.*


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

На 28.05.2024 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, испрати Барање за произнесување по претставката со бр. 08 - 418/2 до Васко Неделковски.

На 20.06.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна поднесок за произнесување по претставката, од страна на [redacted] со следната содржина: *„До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и* [redacted] *изразувам длабоко жалење за настанатата ситуација, целта не ми била да навредам и да дискриминирам никого. Статусот е напишан без размислување дека можеби некого ќе повредам или навредам, повторувам тоа не ми била целта. Додека не ми посочивте дека некој се засегнат од мојот статус, немав ни претстава дека тоа може да повреди нечиви чувства. Се извинувам за настанатата ситуација и во иднина нема да објаувам содржини кои може индиректно или директно да влијаат на нечив живот. Се извинувам на сите членови на* [redacted] *навистина жалам за настанатата ситуација. Ја почитувам секоја определба и во приватниот живот не правам поделба, туку напротив голем број на пријатели и членови на семејството имаат моја поддршка. Со длабоко жалење...“*

По увид во наводите од претставката, поднесокот за произнесувањето по истата, како и приложените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го констатира следното:

Подносителот на претставката како граѓанска организација која има оправдан интерес за заштита на интересите на ЛГБТИ+ лицата го сторил веројатно тврдењето за поттикнување на дискриминација кон припадниците на ЛГБТИ+ заедницата на начин што ја посочиле споменатата објава на социјалната мрежа Facebook, во смисла на активност со која непосредно се поттикнува извршување на дискриминација, а истото поврзано со дискриминаторските основи: родов идентитет и сексуална ориентација. Врз основа на тоа, товарот на докажување во смисла на член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација беше префрлен врз посочениот дискриминатор. Имајќи ја предвид содржината на самата објава и коментарите под неа, Комисијата констатира дека посочениот дискриминатор ја искористил социјалната мрежа Facebook како платформа преку која поттикнал дискриминациско вознемирување кон луѓето кои се припадници на сексуалните и родови малцинства, како што е случајот со различните коментари под неговата објава. И покрај тоа што наводите изнесени во поднесокот за произнесување се во вид на извинување, не го менуваат фактот што подносителот овозможил средина на социјалната платформа погодна за извршување на дискриминациско вознемирување од страна на останати корисници на социјалната мрежа кон ЛГБТИ+ луѓето. Поради тоа Комисијата утврди дека со наведените дејствија [redacted] сторил **поттикнување за дискриминација кон сексуалните и родови малцинства, во смисла на член 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

*„Повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација е секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа.“*

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдено поттикнување за дискриминација, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

## ПРЕПОРАКА

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** [redacted] да ја избрише објавата, со која се поттикнува дискриминавија од неговиот профил на социјалната мрежа Facebook. Истото треба да го стори во рок од 30 дена од денот на прием на ова Мислење и за тоа писмено да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** [redacted] во иднина да се воздржи од активности со кои се повикува, поттикнува или се даваат инструкции за дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет или било која друга дискриминаторска основа.

Доколку лицето не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk